## КОДЕКС НА КОРИСТЕЊЕ НА ИКТ ВО НАСТАВАТА

Со Кодексот на користење на современата информатичко комуникациска технологија во училиштето точно ќе се прецизираат правилата за користење, како и мерките кои ќе ги преземе училиштето при злоупотреба на уредите за нарушување на наставниот процес.

Цел на Кодексот за користење на ИКТ во наставата е обезбедување на услови за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес во кој употребата на ИКТ ќе служи за унапредување на знаењата на учениците.

1. Уреди за користење на ИКТ во наставата се:
   - ✓ десктоп комјутер
   - ✓ ЛЦД проектор
   - ✓ преносен компјутер
   - ✓ таблет
   - ✓ интерактивна табла
   - ✓ паметна (смарт) табла
   - ✓ паметен (смарт) телефон
   - ✓ уреди за користење интернет

2. Училиштето ја обезбедува потребната опрема за користење на ИКТ во наставата.

3. Наставниот кадар има на располагање преносни комјутери кои ги користи за подготовка на наставата, како и за време на наставниот процес.

4. Наставниот кадар не користи мобилен телефон или преносен компјутер за лични причини за време на часот.

5. ИКТ во наставата се користи за:
   - ✓ презентирање
   - ✓ истражување
   - ✓ одговарање на прашања (квизови, тестови, анкети)
   - ✓ споделување работни материјали (платформи за споделување: Dropbox, Google Drive, MOODLE, социјални мрежи, електронска пошта и сл.)
   - ✓ консултации (домашни работи, проектни задачи)
   - ✓ прикажување на видео материјали (процеси, анимации и сл.)
   - ✓ за обработка на материјалот во електронска форма, кој има можност да се модификува (да се дополнува, да се расчленува, сортира, рангира, подредуава, класифицира, издвојува, потенцира и др.)
   - ✓ Power point презентации како најчесто користена форма на користење на ИКТ во наставата, при што треба да се внимава часот да не се сведува само на читање на содржината на слајдовите, туку да бидат појдовна основа за за интеракција (за поттикнување на размислување, внимание, интерес)
   - ✓ ИКТ како дел од проблемска настава (секвенца од филм, анимација, графички приказ, музичка точка итн. може да биде основа за развивање дискусија).

6. Доколку во одредени случаи нема можности да се користи опрема од училиштето, дозволено е користење на расположивите уреди кои се сопственост на учениците (паметни телефони, таблети, преносни компјутери и сл), во договор со наставникот.

7. Уредите кои се сопственост на учениците, може да ги користат како уреди за пребарување, за решавање математички задачи, следење на видео матријал, илустации или анимации или како „hot spot“ за обезбедување интернет, само на часовите за усвојување на нови знаења во договор со предметниот наставник.

8. За потребите на наставата, ученикот нема обврска да поседува уред за ИКТ, и предметен наставник нема право да бара ученикот обврзно да поседува уред за ИКТ за време на часот, со што би ги изложил неговите родители на материјален трошок.

9. За време на часот не е дозволено користење на уреди за информатичко комуникациска технологија освен доколку не се дел од планираните техники за конкретниот час, во договор со предметниот наставник.

10. Пред почеток на часот, во договор со наставникот, учениците ги оставаат телефоните во посебно определен простор (кутија), до завршување на часот.

11. Забрането е користењето на уредите за информатичко комуникациска технологија за фотографирање, пребарување, испраќање и споделување на материјали од училиштето без дозвола на предметен наставник, особено на часовите за проверка на знаењата.

12. Забрането е користење на уреди за пренесување звук (т.н.„бубици“ и микрофони) за време на настава.

13. Во случај на прекршување на член 8,9 и 10 од Кодексот, предвидена е соодветна педагошка мерка во зависност од тежината на делото (Опомена од класен раководител, совет на година, директор и наставнички совет).

14. При изрекување на мерките од член 8, раководителот на паралелката, на барање на предметниот професор повикува родител во училиштето. На разговорот присуствуваат: ученикот, родителот, раководителот на паралелката, предметниот професор и стручен соработник - педагог или психолог (во зависност од тежината на делото), при што се составува записник.

Ноември, 2016

Изготвил:
Педагошко-психолошка служба